Совет на Општина Кичево
бр.08-1575/2
26.06.2023 год.
Кичево

# З А П И С Н И К

**Од 22-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 26.06.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10.00 часот**

Седница ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири,а присутни беа и советниците : Камер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јаќимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутфиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Миѓен Зендели, Виктор Алексоски , Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини и Сибел Туфекџи.
На седницата присуствуваа и претставници од општинската администрација на Општина Кичево: Анета Настеска-секретар на Општина Кичево, Димче Миловски, Бурим Кадриу (финансии),Мите Димитријоски, Директорите на ОУ К.Ј.Питу, на ОУ Христо Узунов и на ОУ Ѓ.К.Скендербег, како и претставници од ЈП "Комуналец" -Мухамед Махмуди и Арлинд Ајре.

Претседателот го прочита предлог-дневниот ред
**<u>Предлог дневниот ред е следен:</u>**

1. Предлог Одлука за измена и дополнување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година.
2. Усвојување на годишни планови за вработување за 2024 година на:
-ОУ „Кузман Јосифовски Питу" Кичево
-ОУ „Христо Узунов" Другово
-ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербег" Србица
3. Усвојување на годишен план за вработување на ЈП „Комуналец" Кичево.
4. Усвојување на тримесечен извештај за финансискотот работење на ЈП „Комуналец" Кичево .
5. Предлог Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на територијата на Општина Кичево.
6. Одлука за дополна на Одлуката за цени на услуги за отстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила , хаварисани возила и нивно чување бр.02.1628/8 од 14.06.2023 година.
7. Разно

Пред да се започне со дневниот ред информираше дека најнапред ќе се усвојува Записникот од 21-та седница.

**<u>Валентина Лазаревска:</u>** Имаше кратка забелешка по однос на нејзината дискусија од претходната седница и тоа дека во истита е испуштено да се додаде член 95, став 2.

Бидејќи немаше повеќе дискусии по записникот од 21-та седница истиот беше ставен на усвојување и се усвои со забелешката дадена од страна на советничката Валентина Лазаревска со 22-гласа-За, немаше против и немаше воздршани.

По однос на дискусиите по предлог дневниот ред за дискусија се јави советникот:

**Агим Садику:** Имаше неколку забелешки кои се однесуваа на тоа дека во доставените материјали по однос на втората точка кај ОУ К.Ј.Питу доставениот план е само на македонски јазик и нема превод на албански а истото важи и за третата точка и планот од ЈП Комуналец бидејќи и тој е само на македонски и нема превод на албански.Од тие причини побара повлекување од дневен ред на третата точка и делумно втората точка во делот кај ОУ К.Ј.Питу.
По однос на првата точка имаше забелешка дека немало одржано седница на комисија за финансирање и буџет на која прво би се разгледала точката бидејќи има значење.Поради оваа причини побара повлекување и на првата предложена точка.
**Скендер Џабири:** Одговори дека седница на комисијата не се одржала затоа што претседателот на комисијата бил отсутен и на патување во друга држава и дека точката може да се разгледува сега на самата седница бидејќи тука е претставникот од секторот за финансии Бурим Кадриу кој ќе ја образложи.Додека за преводот на материјалите додаде дека советникот е во право но дека треба да се излезе во пресрет на училиштето и претпријатието за да тие не каснат со доставување на плановите а во меѓувреме да ги достават и преведени материјалите на албански јазик.
**Анета Настеска:** Додаде дека училиштата имаат рок до крајот на месец јуни да ги достават плановите до министерство и дека треба да се излезе во пресрет со задолжение во најкус можен рок да ги достават до Советот и преведени материјалите кои недостасуваат.
**Аги Садику:** Одговори дека неколку пати до сега правеле компромиси во врска со овој проблем и недоставување на преведени материјали и дека ова не треба да стане пракса бидејќи е утврдено со Закон и Деловник за работа на Советот.И мислел дека само не се доставени материјалите а не дека и воопшто не се преведени и дека сега е уште против за тоа тие да се разгледуваат.
**Анетат Настеска:** Додаде дека се работи за образец-Балансер и како таков се потполнува и дека тој е само на македонски јазик.
**Тефик Лутфиу:** Истакна дека е јасно дека во рамки на денешниот ден неможе да се достави преводот но дека може да се разгледуваат и да се одлучува по овие точки а материјалите преведени институциите да ги достават во текот на неколку дена.
**Рамазан Зулбеари:** Се надоврза на дискусијата и додаде дека ова е навистина несериозно и неодговорно што се повторува повеќе пати да документите од одредени институции се испраќаат до Советот без да бидат преведени на албански јазик.
**Михајло Данилоски;** Исто така имаше забелешка дека немало седница на комисија за финансии а ако претседателот на комисијата не бил тука можело да ја закаже неговиот заменик.
**Скендер Џабири:** Предлогот на советникот Агим Садику за повлекување на точките 1, делумно на точка 2, и точка три од предлог дневниот ред беше ставен на усвојување и:
-За предлогот да се повлече првата точка од дневен ред гласаа 8 советници-За, 12 советници-против, немаше воздржани.Со тоа точката остана како предлог за дневен ред.
-За предлогот делумно да се повлече точка 2 од дневен ред во делот на планот од ОУ К.Ј.Питу гласаа 4 советници-ЗА а провив гласаа 19 советници.Немаше воздржани.Со тоа точката 2 остана на предлог дневен ред.
-За предлогот точката 3 да се повлече од дневен ред гласаа 2- советници-ЗА а против гласаа 19 советници.Немаше воздржани.Со тоа и точка 3 остана во предлог дневниот ред.

**Скендер Џабири:** Запраша дали има други дискусии по предлог дневниот ред?
**Агим Садику:** Истакна дека ова е непочитување на закон и деловник за работа каде јасно стои дека материјалите треба да се доставуваат двојазично.

**_ Бидејќи немаше повеќе дискусии по предлог дневниот ред истиот се стави на усвојување и се усвои со 13 гласа-За, 2 гласа-против и 7 гласа-воздржани.**

**1. точка-** Предлог Одлука за измена и дополнување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година.

**Бурим Кадриу (сектор за финансии):** Објасни дека се работи за измена на Буџетот за 2023 година како резултат на покачувањето на блок дотациите од ДДВ кои пристигаат во општината и треба да има зголемување на ставките во овој дел како и за намалување на одредени ставки како на пример на таа Ј6 –улици и патишта и кратење на 3 милиони денари затоа што истите не се искористени за зимско одржување.Исто така има кратење и кај улично осветлување затоа што според калкулации трошоците за оваа намена до крајот на годината ќе бидат помали од предвиденото.Овие средства ќе се распоредат како што е прикажано во материјалите и тоа најголем дел за превоз во средното образование, за проектот за набавка на клима инвертери плус 800.000 денари, дел за уредување на градежно земјиште, а исто така и за набавка на компјутерска опрема за нова административна зграда на општината бидејќи има промена во цените од првично доставените понуди.Ќе има покачување на ставката за плата на градоначалникот, како и зголемување на расходите за регрес на вработените од 200.000 денари како и зголемување кај ставката за студентски стипендии за плус 300.000 денари.
**Лазе Јаќимоски:** Истакна дека слушал внимателно и дека во излагањето на претставникот било кажано дека има повеќе средства за уредување на градежно земјиште а во материјалите тоа го немало, дали е тоа техничка грешка? Второто прашање се однесува на тоа дали има и за колку се зголемени трошоците за реконструкцијата и реновирањето на новата административна зграда од првично тендерираната сума и доколку е надмината сумата дали има анекси на договорите за тоа бидејќи еве сега се зборува за зголемување за средствата за набавка на компјутерска опрема за 2 милиони денари?
**Бурим Кадриу:** Одговори дека во објектот моментално се работи и дека нема информација во овој момент но дека има сосема нов проект за проширување на канцеларии со посебен тендер кој нема врска со основниот.Исто така во врска со набавката на компјутерска опрема одговори дека првиот тендер пропаднал и дека сега има постапка за нов тендер.
**Михајло Данилоски:** Добро е што имало покачување на ставките кај студенските стипендии и набавка на клима инвертер уреди.Имаше прашање дали тие неискористени три милиони денари се само од ставката за зимско одржување на улици и патишта? Факт е дека треба и тековно одржување и реконструкција и на многу други улици и патишта. Го поздрави иронично и покачувањето на платата кај Градоначалник.
**Бурим Кадриу:** Одговори дека овие 3 милиони денари кои се кратат се само од неискористено зимско одржување и дека секако тековно има постапки со кои се реновираат , реконструираат и одржуваат улици и патишта според планот.Додека за платата на Градоначалникот одговори дека немаат врска н како општина ни како совет, туку дека тоа е одлука за уставниот суд.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по првата точка-** Предлог Одлуката за измена и дополнување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година **се усвои со 13 гласа ЗА, 2 гласа-против и 8 гласа- воздржани.**

**2.ТОЧКА –** Усвојување на годишни планови за вработување за 2024 година на:
-ОУ „Кузман Јосифовски Питу“ Кичево
-ОУ „Христо Узунов“ Другово
-ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербег“ Србица

**Скендер Џабири:** Упати апел најпрво до директорката на ОУ К.Ј.Питу, доставените материјали на седници на Совет да бидат преведени и на албански јазик и дека ова е последен пат кога се прави копрмромис се со цел да се излезе во пресрет и да не се попречува работата на училиштето и замоли во иднина да се отстрани овој проблем.
**Илинка Ангелеска-дирекот на ОУ К.Ј.Питу:** Најпрво во својот говор се извини за недоразбирањето и се заблагодари на советниците кои гласале оваа точка да остане на дневен

ред.Во врска со планот образложи дека се работи за три нови вработувања во 2024 година и тоа:хигиеничар, ложач на парни котли и секретар на училиштето бидејќи истото нема секретар подолго време.

**Агим Садику:** Реагираше и не му се допадна то што директорката се заблагодари на тие што гласале точката да остане на дневен ред бидејќи за тоа искажано има морална одговорност што се заблагодари на тие што гласале спротивно на одредбите од деловник за работа на совет.Додеде дека нема ништо лично во тоа што побарал според закон и деловник тоа што следува а тоа е превод на материјалите за работа.

**-годишниот план за вработување на -ОУ „Кузман Јосифовски Питу“ Кичево се усвои со 18 гласа-За, 4 гласа-против и нема воздржани.Советничката Валентина Лазаревска се иззема од гласање како вработена во училиштето.**

**Директорка-ОУ Христо Узунов:** Истакна дека во доставениот предлог план било содржано само едно вработување и тоа на местото хигиеничар, но дека денес од добиле известување за согласност од Министерството за финансии за уште едно вработување за тоа е благајник.Запраша дали има можност тоа да се вметне во овој план и така да се изгласа или треба да се изработи нов предлог план?

**Миѓен Зендели:** Доколку се согласува секретарот и доколку нема правни пречки во ред е да се донесе планот со оваа измена и тоа да се нагласи во записник.

**Скендер Џабири: Се согласи со тоа предлог планот да се донесе со дополна која ја претставила директорката и предлог планот за вработување на ОУ „Христо Узунов“ Другово за 2024 година беше ставен на усвојување и истиот се усвои со 21 глас-ЗА, 2 гласа-против и нема воздржани.**

Претседателот даде 5 минути пауза.
По паузата:

**Директорка на Ѓерѓ Кастриот Скендербег:** Во своето образложение на предлог планот за вработување истакна дека тој содржи три нови вработувања во 2024 година и тоа за работни места:дефектолог, социолог и сметководител.Дефектолог и социолог се потрбни затоа што во училиштето има 4 деца ученици со посебни образовни потреби и дека до сега со нив работел педагог и психолог но сепак е потребен дефектолог.Додека пак сметководител се користел од другите училишта но бидејќи неможел да постигне со работа сега мора да се вработи сопствен.

**Валентина Лазаревска:** Имаше прашање до директорката дали за овие 4 ученици проценка има направено МКФ?

**Директорка на Ѓерѓ Кастриот Скендербег:** Одговори дека имало направено проценка од МКФ но дека таа не одговара целосно на фактичката сосотојба особено за еден од учениците со посебни потреби.

**Валбона Адили Емини;** Имаше прашање до директорката дали има информација дали во другите училишта наоколу има вработено дефектолози и логопеди и дали ако се вработи дефектолог во ОУ Ѓ.К:Скендербег во с.Србица тој ќе може да ги опслужува и другите училишта наоколу ако имаат потреба?

**Директорка на Ѓерѓ Кастриот Скендербег:** Нема информација дали другите училишта имаат вработено дефектолог но факт било дека 6 години по ред има оглас за вработување на дефектолог и досега тоа работно место не е потполнето.Секако дека дефектологот не е врзан со часови и дека ќе може да опслужи и други училишта токолку се вработи такво лице и доколку е потребно.

**Планот за вработување на -ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербег“ Србица за 2024 година беше ставен на усвојување и истиот се усвои со 23 гласа-За, немаше против и немаше воздржани.**

**3.ТОЧКА -** Усвојување на годишен план за вработување на ЈП „Комуналец“ Кичево.

**Скендер Џабири:** Најпрво упати забелешка кон претставникот од ЈП „Комуналец“ Мухамед Махмуди за тоа што доставениот материјал не е преведен и на албански јазик и додаде дека ова е

последен пат кога се прави компромис во врска со тоа и дека нареден пат нема да се разгледуваат воопшто непреведени материјали.
**Мухамед Махмуди:** Се извини и додаде дека забелешката е на место и дека поради тоа што преведувачот не бил на работа овај период материјалот останал непреведен и дека тоа нема да се повтори во иднина и дека во најбрз рок материјалот ќе биде пуштен преведен.Околу планот за вработување истакна дека тој содржи 30 нови вработувања, најголем дел поради пензионирање и за потполнување на новиот сектор за паркинзи како и 7 унапредувања.
**Абдула Сејдини:** Упати поздрав до претставникот и дека со неговото прашање ќе почне од крајот а тоа е во врска со вработувањата во секторот за паркинзи.Уште од 2019 година е донесена одлука од страна на Советот за спроведување на зонско паркирање во општината но сеуште тоа не функционира.Се интересираше за бројот на предвидени паркинзи кои се предвидени со проектот?
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека има предвидено три зони А, Б и Ц и таксативно се предвидени повеќе од 1000 паркинг места.Дали ќе биде доволно ќе се види откако ќе се почне со имплементација за самото зонско паркирање.
**Абдула Сејдини:** Се сомнева дали ќе биде доволен тој број на предвидени паркинг места од 1176 предвидени во три зони особено во централното подрачје бидејќи тамо местата ќе се потполнуваат од постојаните жители а и од вработените во институциите и фирмите во тој дел.Имаше дополнително прашање кога би почнало со имплементација на ова зонско паркирање?
**Мухамед Махмуди:** Одлука била донесена во 2019 година но поради пандемијата и финансиската состојба на претпријатието при набавка на потребна опрема како на пример блокатори, вработувања сеуште не е отпочнато и нема точно информација кога би почнало со примена ова зонско паркирање.Но секако ќе има навремена информација за тоа, а откако ќе се увиди побарувачката и понудата ќе се знае дали е доволен бројот на паркинг места или ќе треба и повеќе.
**Абдула Сејдини:** Дали има можност оваа дејност да ја обавува посебен секотор во самото претпријатије „Комуналец“ или можеби треба посебно претпријатие кое ќе стопанисува со паркинзи како што е пример во други општини?
**Мухамд Махмуди:** Точно било дека во 90% од општините за паркинзи се грижи посебно претпријатие, а и други сектори од дејноста биле како посебни во други општини како водоснабдување или паркови и зеленило, но тоа разделување во нашата општина би довело до поголеми трошоци за жителите па зесега паркинзи би останале како сектор во самото претпријатие ЈП Комуналец.
**Агим Садику:** Најпрво имаше забелешка за непреведените материјали и непочитувањето на закон и деловник во врска со тоа, додека во врска со зонското паркирање и порано има доста дебатирано и пред присуство на Градоначалникот и неговиот став е јасен а тоа е дека за да профункционира ова зонско паркирање најпрво треба во општината да има организирано јавен превоз-транспорт кој граѓаните ќе го користат како алтернатива инаку во спротивно тоа ќе биде голем товар за граѓаните во време на оваа економска криза бидејќи граѓаните се приморани да ги користат своите автомобили затоа што нема алтернатива, па затоа и се прави гужва како и од вработените што одат на работа а исто така и од постојаните жители.Подобро би било најпрво да се направи стратегија заедно со МВР за регулирање на сообраќајот и паркирањето особено во овој период кога ќе дојдат печалбарите и затоа бил за пролонгирање на овој проект за зонско паркирање.
**Валбона Адили Емини:** Отвори една друга тематика а тоа е во врска со контејнерите во кои во овој период се фрла органски отпадоци особено од пиљарите особено пред интернатот, градинката и училиштата и улицата 11 Септември. Дали ќе се зголеми бројот на контејнери или ќе се преземат други мерки во врска со овој проблем?
**Мухамед Махмуди:** Не било само таа улица туку ова бил проблем и на други места и нема друг посебен начин да се регулира тоа освен да се зголеми бројот на контејнери, а воедно има и поголеми цени за пиљари и сендвичари поради овие причини.

**Валентина Лазаревска:** Истакна дека се согласува со дискусијата на колегата Агим и дека таа живее во централното градско подрачје и дека на нивниот паркинг од нивната зграда има проблеми околу паркирањето на жители што живеат тука заради тоа што тука се паркираат други автомобили или пак се паркираат на влезот од паркингот и го попречуваат паркирањето.Затоа мора прво даима добра анализа а подоцна и добар проект околу имплементирањето на зонското паркирање.
**Лазе Јаќимоски:** Од една страна го поздрави овој план за вработување за 2024 година а од друга страна имаше прашање дали во 2023 година имало вработувања во јавното претпријатие и според кој план било тоа извршено доколку има, бидејќи Советот во 2022 година не изгласал план за вработување и како се реализирале без донесен план?
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека имало вработувања итни и неодложни и дека сега на дневен ред е расправа за новиот план за вработување за 2024 а не за минати години.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по третата точка-** Годишниот план за вработување на ЈП „Комуналец“ Кичево **се усвои со 14 гласа ЗА, 2 гласа-против и 5 гласа-воздржани.** Советникот Михајло Данилоски се иззема од гласање како вработен во претпријатието.

**4.Точка-** Усвојување на тримесечен извештај за финансискотот работење на ЈП „Комуналец“ Кичево .

**Арлинд Ајре (ЈП Комуналец):** Истакна дека овој тримесечен извештај е позитивен како што може да се види и од доставениот материјал и табели со приходи и расходи со добивка од 525.000 денари а може да биде и уште попозитивен доколку се подобри наплатата и свеста на граѓаните со што би се добиле и подобри услуги од спротивна страна.Долговите кон добавувачи биле околу 9 милиони денари.
**Агим Садику:** Имаше забелешка што и претходно ја укажувал а тоа е кога се прави извештај во него да биде содржан и претходниот и да биде направена споредба дали со претходен квартал или со адекватниот квартал од претходната година.Како втора забелешка беше тоа што долговите што ги има претпријатието се уште високи и нема позитивно раздвижување.Затоа треба нов почетокот во работењето на претпријатието со излегување на терен и средби со граѓани, месни заедници и населби и правење на договори со кои ќе се регулира процесот на услуги и плаќања а не како до сега некои плаќаат , некои не, некои имаат извршни решенија за присилна наплата, со други зборови има селективност која треба да се надмине.
**Арлинд Ајре:** Во споредба со претходните квартали кои биле негативни овој последен квартал бил позитивен ако се правело споредба.Прв фактор зашто нема попозитивен биланс е неплаќањето на фактури на граѓаните.
**Агим Садику:** Токму затоа треба средби и комунукација на терен а овие извештаи и завршна сметка се само математика додека реалноста е дека нема реализација и претпријатието нема позитивно работење и долговите остануваат и не се намалуваат.
**Абдула Сејдини:** Се согласува за факторот човек, имаше прашање дали и колку има ефект присилната наплата преку нотар или извршител?
**Арлинд Ајре:** Одговори дека присилната наплата преку нотар или извршител е единствен начин за тие што неплаќаат и дека во крајни случаи мора да се спроведува иако тоа претставува поголем товар за граѓаните, но еднаш мора да знаат дека фактурите мора да се плаќаат а во спротивно да ги добијат бараните услуги од претпријатието.
**Абдула Сејдини:** Имаше уште едно прашање а тоа е дали има евидентирани населби или месни заедници кои не ги плаќаат своите обврски кон ЈП „Комуналец“?
**Арлинд Ајре:** Одговори дека нема целосно одредени населби туку дека низ сите има и плаќачи и неплаќачи.
**Абдула Сејдини:** На крај побара од претставникот во најбрз можен рок како управен одбор да побараат од страна на Советот да се донесе измена на Статутот на претпријатието и да се

зголеми бројот на членови на УО од 5 на 7 бидејќи 7 се избрани пред извесен период а во Статутот стои дека треба да се изберат 5 члена.
**Валбона Адили Емини:** Прашањето е зошто е дојдено до ова неплаќање и селекција.На пример во руралните средини се фрла отпадок каде ќе им текне ниту плаќаат граѓаните ниту пак има услуга.Додека пак во некои села жителите редовно си плаќаат.Мора да се превземат мерки во врска со ова , а исто така и со чистењето на дивите депонии во самиот град бидејќи се шири непријатна миризба, бактерии, аерозагадување и мора да се преземе нешто.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по четвртата точка-** Тримесечниот извештај за финансискотот работење на ЈП „Комуналец" Кичево **се усвои со 14 гласа-За, 6 гласа-против и 1 гласа-воздржан.** Советникот Михајло Данилоски се иззема од гласање како вработен во претпријатието.

**5.ТОЧКА -** Предлог Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на територијата на Општина Кичево.

**Скендер Џабири:** Објасни дека се работи за барање на сопстевеници на угостителските објекти како и секоја година во овој период за зголемување на нивното работно време за еден час за месеците јули и август.
**Агим Садику:** ИСтакна дека ја подржува оваа предлог одлука и дека е добро позитивно придвижување на бизнисот во угостителството во овој период.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по петата точка -** Предлог Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на територијата на Општина Кичево беше ставена на усвојување и се усови со 21 глас-За, нема против и нема воздржани.

**6.ТОЧКА -** Одлука за дополна на Одлуката за цени на услуги за отстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила , хаварисани возила и нивно чување бр.02.1628/8 од 14.06.2023 година.

**Арлинд Ајре:** Истакна дека оваа одлука е усвоена на управен одбор на ЈП Комуналец и е дополна на одлуката донесена во 2019 година со што се додаваат цени на одредени услуги кои не биле содржани во претходната одлука.
**Игор Стојаноски:** Имаше забелешка во тоа што во материјалите со оваа предлог одлука за дополна ја нема првично донесената одлука како би се направило увид и споредба на тоа што се дополнува, менува или проширува, така да за него е излишно секое понатамошно дискутирање во врска со оваа точка.
**Арлинд Ајре:** Додаде дека сега само се додаваат некои цени на одредени услуги.
**Игор Стојаноски:** Тогаш како и вие сте знаеле што треба да се додаде, тоа значи дека сте ја имале претходната одлука.
**Лазе Јаќимоски:** Според член 160, став 2 од Деловникот за работа во ваков случај треба како материјал да се има и одлуката што се менува.
**Арлинд Ајре:** Одговори дека ништо не се менува туку само се додава.
**Лазе Јаќимоски:** Разбира, но дали ќе биде иста ако се дополни?
**Виктор Алексоски:** Имаше прашање до претставникот на ЈП Комуналец од кога е планот да се почне со реализација на оваа одлука?
**Арлинд Ајре:** Одговори дека треба да се завршат уште некои работи како набавка на блокатори, пајак но се надева дека во најбрз можен рок ќе се отпочне со примена.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по шестата точка -** Одлуката за дополна на Одлуката за цени на услуги за отстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила ,

хаварисани возила и нивно чување бр.02.1628/8 од 14.06.2023 година беше ставена на усвојување и се усови со 13 гласа-За, нема против и 8 гласа воздржани.

**7.ТОЧКА -** Разно

**Скендер Џабири:** Најпрво истакна дека ќе се разгледува бараниот извештај од ЈП Комуналец во врска со градски гробишта.
**Лазе Јаќимоски:** Истакна дека го виделе бараниот извештај но дека тој е составен од две-три реченици без конкретно да се наведе што точно е направено и реализирано а не само предвидено во план и програма и дека не е задоволен од извештајот.
**Мухамед Махмуди:** Го прочита барањето што било доставено до нив и додаде дека одговорот во извештајот е максимум што може да се одговори.
**Лазе Јаќимоски:** Се подразбирало што значи извештај, требало подетално да се одговори што се направило во врска со поставувањето на чешми, уредувањето на патеки со бекатон плочки, управувањето со објектите кај гробиштата, косење на трева и слично.
**Виктор Алексоски:** Бидејќи пред извесно време гласале за покачување на цените на услугите за транспорт на отпад имаше едно прашање во врска со дислокација и чистење на просторот на претоварната станица дали се работи на тоа и кога целосно ќе се исчити?
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека претпријатието има голем обем на работа, но и дека доста е направено во овој поглед и отпадот таму е намален за околу 50% и се надева дека до крај на година ќе се реши овој проблем.
**Велентина Лазаревска:** Исто така имаше контатација во врска со одржувањето на старите градски гробишта и придружните објекти таму дека нередовно се чисти и коси, се расфрла трева, фали бекатон патеки, а единствено бекатон се поставил кај чешмата а таа функционира само со една славина и без притисок.Исти така нема ограда наоколу и нема канти за отпадоци.Додека кај новите градски гробишта проблем претставувале големите багремови дрва шии корени во некои места ги поткревале направените споменици и плочки, за што има сознание дека има барање до јавното претпријатие за сечење на дрвата дали од страна на препријатието или од самите граѓани да добијат дозвола па сами да ги пресечат.
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека нема информација до сега дека некој побарал да се пресечат дрвата, но дека може да се разговара за овој проблем и доколку може некој од жителите да пресече ќе има дозвола бидејќи претпријатието не располага со таква механизација.За придружните објекти одговори дека не се стопанисува но тремовите може да бидат исчистени.Добар и прифатлив бил и предлогот да се известуваат граѓаните кога ќе има косење кај гробиштата а исто така и редовно се чистат дивите депонии што се создаваат.
**Рамазан Зулбеари:** Имаше едно барање а тоа е да се чистат контејнерите во с.Зајас барем еднаш неделно затоа што сега во овој период кога ќе дојдат печалбарите има зголемена потреба?
**Скендер Џабири;** Би се решил проблемот не само таму туку и насегаде кога ќе профунционира механизацијата за балирање.
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека треба да се утврди динамиката на собирање со месните заедници.Во овој летен период некаде ќе се собира отпадот и по 2-3 пати а некаде еднаш неделно.Требало да се направат договори со месните заедници и граѓаните и услугата редовно да се наплаќа за да може да се очекува за возврат и навремена услуга.

**Скендер Џабири:** Претстави уште едно барање од МЗ с.Козичино со кое бараат да се изврши надзор и да се поправи патот кон с.Козичино-средно маало бидејќи е многу оштетен и непрооден поради претходно настанато невреме.
**Игор Стојаноски:** Да не остане само на збор и само да се проследи до Секторот за комунални дејности туку ова е сериозен проблем со непрооден пат и најбрзо што може мора да се интервенира.Додаде дека секторот за комунални работи воопшто не функционира како треба и дека треба да се бара смена на раководителот Сејдин Абази.
**Лазе Јаќимоски:** Предложи да се донесе заклучок од страна на Советот со што ќе се задолжи секторот за комунални дејности да постапи по ова барање.
**Скендер Џабири:** Бидејќи сите советници се сложија, Советот донесе Заклучок со кој ќе се задолжи секторот за комунални дејности во најбрз можен рок на постапи по барањето од МЗ с.Козичино.

**Скендер Џабири:** Прочита уште едно пристигнато барање а тоа е од МЗ населба „Горица“ со кое известуваат дека одредено физичко лице со градежни работи ја затрупува одводната атмосферска канализација и бараат нејзино чистење, како и поправка на автобуската постојка во тој дел.
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека како јавно претпријатие немаат дејност за чистење на атмосферските канализации и дека сепак тоа го прават во рамки на нивните можности и потреби на градот.
**Валентина Лазаревска:** Имаше прашање до претставникот на ЈП Комуналец дали имаат информација за тоа каде недостасуваат контејнери?
**МУхамед Махмуди:** Одговори дека секојдневно се соочуваат со барања од граѓани од кои едни бараат контејнери во близина а други бараат нивна дислокација.Најдобро е да се поставуваат врз основа на планска докумантација.Реално е проблем и некаде каде што има потреба да се постават повеќе контејнјери затоа што нема место и тие зафаќаат дел од тротоари или улици и коловози.

**Бидејќи немаше повеќе пријавено за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори дваесет и втората седница на Советот на Општина Кичево во 13.45 часот.**

Записникот го водел ;
-Димче Миловски.

Совет на Општина Кичево
Претседател,
Скендер Џабири